# марин димески

# marin dimeski

# МАРИН ДИМЕСКИ
# MARIN DIMESKI

## ПОРТРЕТИ
## PORTRAITS
ФОТОГРАФИИ
PHOTOGRAPHS

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
27 септември - 18 октомври 1990
СКОПЈЕ

ART GALLERY
September, 27 - October, 18 1990
SKOPJE

| | |
|---|---|
| ИЗДАВАЧ: | PUBLISHER: |
| УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА СКОПЈЕ | ART GALLERY SKOPJE |
| ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: | EDITOR IN CHIEF: |
| ДРАГАН БОШНАКОСКИ | DRAGAN BOSNAKOSKI |
| ПРЕДГОВОР: | FOREWARD: |
| Д-р БОРИС ПЕТКОВСКИ | BORIS PETKOVSKI, Ph. D. |
| ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИЗЛОЖБАТА И КАТАЛОГ: | ORGANIZATION OF THE EXHIBITION AND CATALOGUE: |
| МИРЈАНА ТАЛЕСКА | MIRJANA TALESKA |
| ПРЕВОД НА АНГЛИСКИ: | TRANSLATED INTO ENGLISH BY: |
| ФИЛИП КОРЖЕНСКИ (ПРЕДГОВОР)<br>МЕНКА КАРАПАШОВСКА | FILIP KORZENSKI (FOREWARD)<br>MENKA KARAPASOVSKA |
| ФОТОГРАФИИ: | PHOTOGRAPHS: |
| МАРИН ДИМЕСКИ | MARIN DIMESKI |
| ЛИКОВНО ОБЛИКУВАЊЕ: | LAY-OUT: |
| ЗОРАН КРАЈАЧИЌ | ZORAN KRAJACIC |
| ПЕЧАТ: | PRINTED BY: |
| ПЕЧАТНИЦА "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" | G.Z. "GOCE DELCEV" |
| ТИРАЖ:500 | 500 COPIES |


За фотографиите copyright© 1990 Марин Димески

All photographs copyright © 1990 Marin Dimeski

# ПОРТРЕТОТ ВО ФОТОГРАФИИТЕ НА МАРИН ДИМЕСКИ

Фотографот и историчарот на уметноста Марин Димески (1948) и припаѓа на неголемата творечки ангажирана група на професионални фотографи во Македонија: и тие (како и многу поголемиот број наши ликовни уметници) настојуваат, со специфичните технички можности на фотографскиот медиум, авторски да се вградат во обликувањето на денешната визуелна култура на нашата средина.Но тој стремеж ги вовлекува македонските фотографи во жесток и неизвесен натпревар со досегашниот и најнов развој на фотографската уметност во целиот свет, а и со другите видови на визуелното, ликовното изразување, насекаде, и кај нас. Уште поподвлечено, ваквото вредносно-критичко споредување се наметнува при фотографска обработка на некој мотив, ако тој веќе бил објект и на ликовната уметност.

Ова се методолошките претпоставки за разгледување и на сегашната изложба на поновите фотографски портрети на Димески. Познато е дека веќе во првата етапа на својот развој (XIX век), фотографијата настојуваше да ја преземе улогата на дотогашното ликовно обработување на портрети. Потоа, во нашиот век, фотографијата мошне наложително се вгради и во поетичко-програмските определби и обликувачката практика на повеќе ликовни правци: во некои пројави на концептуалната уметност таа стана практично целосна замена на традиционалното ликовно творештво. И притоа остана постојаната опседнатост на фотографската со портретот: не исклучувајќи ги ниту познатите дадаистичко-цинични преобразби (репродукцијата на Леонардовата "Мона Лиза", со мустаќите што и ги додаде М. Дишан, како еден пример). Во врска со творештвото на Димески, како можна парадигма, се јавуваат сепак потесен круг фотографско-ликовни поттици. Тие прво се движат од фотографијата со социјални тенденции, до поп-артот. Последниот, го користеше фотографираниот портрет, преобразувајќи го (со модерен психолошки усет) во темелен фактор на ликовното дело: со монтажа, со мултиплицирано претставување ликови на истакнати личности во сериграфија и тн. Особено значење имаа појавите на (ликовниот) хипереализам и фотографскиот реализам: тие (повратно) поттикнаа и многу фотографи портретот да го третираат пред се со

# THE PORTRAIT IN MARIN DIMESKI'S PHOTOGRAPHS

Marin Dimeski, photographer and art historian(born 1948), belongs to the small circle of creative professional photographers in Macedonia. Just like the much larger group of Macedonian artists, this circle also strives, through the unique technical possibilities of the photographic medium, to make original contributions to the development of art in this milieu today. But this aspiration involves Macedonian photographers in fierce and uncertain competition with the most modern development of photographic art in the world, as well as other disciplines of visual expression, both around the globe and here. Moreover, the critical comparison involved imposes itself in the photographic treatment of a subject, if it has already been treated in the fine arts as well.

These are the methodological premises for the examination of this exhibition consisting of Dimeski's more recent photographic portraits. It is widely known that even in the earliest period of its development (the 19h century) photography attempted to take over the domain of the artistic portrait. In this century, photography has been an unavoidable constituent of the programmes and practices of a number of art trends: in some manifestations of con ceptual art it has practically become a substitute for the traditional fine arts. And finally, photographic art has been continuously obsessed with the portrait, not excluding the famous cynical dadaistic transformations (for instance, the reproduction of Da Vinci's Mona Lisa with the added moustache by M. Duchamp). As far as Dimeski's art is concerned, there is a smaller number of artistic and photographic inspirations as a possible paradigm. They range from photography with social tendencies to pop-art. Pop-art used the photographic portrait and transformed it (with a modern psychological feel) into a basic factor of the work of art: with montage, with multiplied representation of portraits of well-known persons in serigraphy, etc. The emergence of (artistic) hyper-realism and photographic realism were of particular importance. They (retroactively) inspired many photographers to treat the portrait with a personally-coloured analytical and objectivist approach. One of them is the American Richard Avedon, who exhibited two years ago in New York's Museum of Modern Art. This photographer, whose works Dimeski considers his creative inspiration, includes in his work a series of impressive life-size portraits.

индивидуално нијансиран аналитичко-објективистички пристап. Еден од нив е и американецот Ричард Аведон, кој пред две години имал изложба во Музејот на модерната уметност во Њујорк: овој творец, чии дела Димески ги смета за своја творечка инспирација, меѓу другото создал серија впечатливи портрети во природна големина.

Во Македонија фотографијата како основа за портретна сликарска обработка веќе ја користеле нашите последни зографи и први ликовни творци во модерна смисла, Д. Андонов Паприадишки и Ѓ. Зографски. Потоа, втемелувачите на филмската и фотографската дејност кај нас, браќата Манаки и нивните први следбеници (М. Шојлев, К. Билбиловски, Б. Дрнков), а по нив и други фотографи, во различен обем се занимавале со портретот. Фотографијата како основа при сликарската обработка на човечкиот лик, се користела во Македонија и пред и по војната; а се засили (како своевиден натпревар со овој медиум) со појавата на радикални реалистички ликовни искази и кај нас: на пример, во делата на сликарите Р. Анастасов, Т. Луловски, Р. Корубин и др. Тие се најблиски и до битните сегашни стремежи на Димески, што се потпираат и на неговите професионално-пријателски допири со овие уметници. Со некои од нивните настојувања беше блиска и претходната врзаност на Димески за "сцени од животот", каде човекот е предаден како средишен фактор: тоа беше сообразено со тогашната психолошко-социјална насоченост на овој автор. Во обработката е подвлекувана притуленоста на контрастите, со нивното нијансирање од светли кон потемни парцели. Понекогаш ликот "избива" од заднината, замислена како екран или сцена во која портретот се "случил": физиономско-психолошкиот и социјалниот статус на овие најчесто е подвлечен со здржана носталгија. Со доработката на овие претходни фотографии, Димески го остваруваше својот авторско-стилски идентитет: со своевидното "досликување", нијансирање, докомпонирање, техничката процедура станува функција на крајниот визуелен ефект. Преод кон поновите фотографски портрети на Димески, претставуваат студиско-ателјерски обработените ликови (1976-1978) на уметниците П. Мазев, Р. Анастасов и Д. Попоски - Дада: во нив амбиентот во која е "фатен" портретот или е значенски неутрализиран или веќе не е (визуелно) присутен.

Поновите портрети на Димески формално и натаму се создавани со двоен пристап: со задржување на претходниот тип на обработка и амбиентирање на портретираните личности; и со постапка во која ликот е разголен, станал единствен објект на авторовиот интерес, а заднинските или амбиентални податоци се отстранети. Димески сега применува и неколку подготвителни операции. После доста вообичаеното "емотивно опуштање" на моделот и изработката на серија претходни-

Photography was used in Macedonia as a basis for artistic treatment by our last fresco-painters and first artists in the modern sense of the word - D. Andonov Papradiski and G. Zografski. Then the founders of Macedonian film and photography - the Manaki brothers and their followers (M. Sojlev, K. Bilbilovski, B. Drnkov) and later, other photographers, dealt with the portrait to varying extents. Photography was used in Macedonia as the basis of the artistic treatment of the human figure before the Second World War, and was increasingly used (as a kind of competition with this medium) with the appearance of radical realist expression, for instance, in the works of the painters R. Anastasov, T. Lulovski and R. Korubin. They are closest to Dimeski's essential contemporary interests, relying also on his professional and friendly contacts with these artists. Dimeski's previous interest in scenes from life was also close to some of their endeavours; the human being was rendered as a central factor, in accordance with the contemporary psychological and social orientation of this artist. His photographs had emphasized subdued contrasts with gradations from bright to darker areas. Sometimes the figure seems to be emerging from the background, which is intended as a projection screen or a scene where the portrait "has taken place"; the physiognomic, psychological and social status of these figures is most often underlined with a muted nostalgia. In retouching these earlier photographs, Dimeski was working on his artistic and stylistic identity: with his own way of "completing the picture", shading and finishing the composition, the technical process became a function of the final visual effect. A transition to Dimeski's more recent photographic portraits are the figures of the artists P. Mazev, R. Anastasov and D. Poposki-Dada done in a studiomanner (1976-1978): the environment in which the portrait has been "caught" is either neutralized or is no longer (visually) present.

Dimeski's most recent portraits, too, have been made with a dual approach to form - by preserving the previous type of treatment and placing the subjects in a particular environment. The figure is made open and has become the only object of the artist's interest, while the background or environmental data have been removed. Now Dimeski applies several preliminary operations. After the rather widely used "emotional relaxation" of the model and taking a series of introductory check-shots, he creates his concept of the characteristics of the model's personality. Most often Dimeski also makes a sketch of the model and the most appropriate composition design.

These carefully taken portraits of people from the worlds of culture, art. science and the media, as well as photographers and leaders on the new multiparty political scene, have been mainly offered as unique "photographic taking" of human figures, but also with a basis for other kinds of artistic treatment. Most probably there is a retroactive influence of (art) photo-realism on

проверителни снимки, тој ја создава својата концепција за карактеристиките на неговата личност. Димески најчесто изработува и цртачка скица-кроки на моделот и најповолна композициона шема за него.

Овие грижливо создадени портрети на Димески на личности од културата, уметноста, науката, новинарството; на фотографи и членици од денешната плуралистичка политичка сцена, се предлагаат пред се како специфично "фотографско сликање" на човечки ликови: но со основа и за друг вид ликовна обработка. Притоа, најверојатно е повратното влијание на (сликарскиот) фотореализам и врз неговите основни сегашни стилски определби (од творештвото на Анастасов и Луловски, пред се). Некои од портретите се доближени до барокно-романтичарските поттици (степенувањето на светли и темни партии; заземањето карактеристични пози, потсетува на раните "романтични" автопортрети на Курбе во претставите на Димески на сликарот Р. Корубин и на фотографот В. Аќимовиќ); или до "шпанската" ликовна традиција, се до Гоја (ликот на Р. Анастасов). Некои портрети се доближуваат и до постари модели од минатото (ликот на Т. Луловски - до "автопортретот" на Дирер од "зрелото" доба). Во други фотографии физиономската, психолошко-аналитичката обработка, е силно транспарентна за внатрешниот интелектуален профил на личноста (ликовните уметници А. Светиева, П. Х. Бошков, П. Мазев, Г. Чемерски; критичарот Ј. Денегри и Х. Х. Падрон со сопругата). Притоа, заднината често е "избришана" или скржаво укажана. Низа портрети и натаму се доживеани на разни места: во природни амбиенти, во работни простории и тн. Во сите нив се следи афинитетот за пронаоѓање најсоодветен ликовно-визуелен контекст, понекогаш сосема ослободен од понагласени психолошко-емоционални моменти.

Со оваа изложба нашата средина остварува нов пробив кон современите стремежи на фотографската уметност, и е една нова сериозна творечка етапа во дејствувањето на Марин Димески.

*Д-р Борис Петковски*

his fundamental current stylistic standpoints (mostly from the works of Anastasov and Lulovski). Some portraits have baroque and romantic elements (the gradation of light and dark areas and characteristic poses remind us of Courbet's early "romantic" self-portraits in Dimeski's pictures of the painter R. Korubin and the photographer V. Acimovic), or of the Spanish art tradition, as far back as Goya (Anastasov's portrait). Some portraits are close to some older models from the past (T. Lulovski's portrait, to Durer's self-portrait from his mature period). In some other photographs, the physiognomic, psychological and analytical treatment provides strong clues to the inner intellectual profile of the person (the artists A. Svetieva, P. H. Boskov, P. Mazev, G. Cemerski, J.J. and K. Padron, the critic J. Denegri). The background is usually "erased" or only scantily visible. Many portraits have been taken in different places: in a natural environment, in a place of work, and so on. All of them demonstrate the affinity for finding the most appropriate visual artistic context, sometimes completely free of any stronger psychological or emotional factor.

This exhibition represents another breakthrough of Macedonian photography onto the modern photographic art scene. It also represents a new serious creative stage in Marin Dimeski's art

*Boris Petkovski, Ph.D.*

| БИОГРАФИЈА: | BIOGRAPHY: |
|---|---|
| Роден 1948 во Прилеп. Завршил Историја на уметноста на Филозофско-Историскиот факултет во Скопје. Со фотографија и со проучување на историјата на фотографијата се занимава од 1970 година. Член е на Друштвото на ликовните уметници за применета уметност на Македонија од 1979 година. Вработен е како стручен соработник за фотографија и фотограф во Музејот на град Скопје. | Born 1948 in Prilep. Graduated from the Faculty of Philosophy and History - major Art History in Skopje. From 1970 works in photography and studies the History of photography. Member of DLUPUM (The Society of Macedoninan Applied Artists) since 1979. Works as an expert for photography and as a photographer in the Museum of the city Skopje. |
| Адреса: "11 Октомври" 3/3, 91000 Скопје, тел. 091 215-267 | Address: 11 Oktomvri, 3/3, 91000 Skopje, YU, tel. (091) 215-267 |

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

ONE-PERSON EXHIBITIONS:

1978 - Скопје, Музеј на град Скопје

ПОЗНАЧАЈНИ ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

SELECTED GROUP EXHIBITIONS:

1970 -Крагуевац, XII октомвриска изложба на фотографии
-Скопје, VII изложба на фотографии
-Јајце, II изложба на фотографии на младите на Југославија
-Кралево, XI изложба на уметничка фотографија
-Риека, Изложба на клупски колекции
-Приштина, V изложба на уметнички фотографии
-Приштина, III изложба на фотографија
-Сараево, II салон на фотографии Ново Сараево

1971 -Вишеград, VI изложба на фотографија
-Добој, 6 изложба на фотографија
-Белград, *Млад Југословен*
-Риека, Салон на фотографија *Риека 1971*
-Задар, *Човек и море*
-Тузла, Меѓуклупска изложба
-Јесенице, III меѓуклупска изложба
-Скопје, Меѓународен *Скопје-салон*
-Белград, IV изложба *Нова фотографија 1971*
-Пожаревац, IX изложба *15 октомври*
-Крагуевац, XIII изложба на фотографија
-Нови Сад, Јубилејна изложба *Златно око 71*
-Нови Сад, *Еј младост, најмило време*
-Кралево, XII ноемвриска изложба
-Белград, VI изложба на фотографии
-Пловдив (НР Бугарија), V меѓународна изложба на уметничка фотографија
-Белград, IV куп на југословенска фотографија
-Белград, II изложба на младите на Југославија
-Бановиќи, VI изложба на фотографии

1972 -Риека, Салон на фотографија *Риека 1972*
-Вршац, I изложба на фотографии
-Загреб, 16 меѓународен салон - *Загреб 72*
-Карловац, Меѓународна изложба на фотографија
-Куманово, VII изложба на фотографии
-Шибеник, I меѓународна изложба на фотографии
-Костолац, I изложба на уметничка фотографија
-Монтесон, Франција, I меѓународен салон
-Нови Сад, изложба на фотографии *Златно око 72*

-Скопје, изложба на фотографии, *Скопје салон 72*
-Градиска ди Сонцо (Gradiska di Sonco) 7 Torrione d*Oro, Италија
-Штип, Изложба на фотографии
-Пожаревац, X изложба на фотографии
-Риека, Меѓународна средба на фото-клубови
-Сараево, Меѓународен салон на уметничка фотографија, *Сараево 72*

1973 - Добој, 8 изложба на фотографија
-Сомбор, Меѓуклупска изложба на фотографии и дијапозитиви
-Риека, Салон на фотографија Риека-Опатија 1973
-Скопје, V куп на југословенска фотографија
-Белград, *5 Млад Југословен 73*
-Сараево, Меѓународен салон на уметничка фотографија *Сараево 73*
-Риека, фотосекција *Стројар*
-Тузла, изложба на фотографии
-Белград, 19 салон на фотографија *20 октобар*

1980 - Белград, 12 мајска изложба, Павиљон *Цвијета Зузориќ*
-Битола, 18 републичка изложба на фотографии, дијапозитиви во боја, Уметничка галерија

1981 - Скопје, Прва изложба на фотографии (ДЛУПУМ), Изложбен салон на ДЛУМ и ДЛУПУМ
-Куманово, XV традиционална изложба на уметничка фотографија

1982 - Скопје, *Аквизиции* III, Музеј на современата уметност

1983/84
-Скопје, Живот, дизајн, производство, ДЛУПУМ, Музеј на град Скопје

1985/86
-Прилеп, Уметнички дела создадени на ликовните манифестации во Центарот за современа ликовна уметност

1988 - Битола, Изложба на фотографии на ДЛУПУМ - фотографска секција
-Скопје, Изложба на фотографии на ДЛУПУМ - фотографска секција, Ликовен салон на ДЛУМ и ДЛУПУМ
-Скопје, Годишна изложба на ДЛУПУМ, Музеј на град Скопје
-Валево, Изложба на современа уметничка фотографија, *Портрет*

1990 - Белград, *22 Мајска изложба 90*, Уметнички павиљон *Цвијета Зузориќ*
-Скопје, *22 Мајска изложба 90*, Уметничка галерија

НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА:

PRIZES AND AWARDS:

1970 - Скопје, Втора награда за колекција

1971 - Бановиќи, Бронзена плакета
-Белград, Диплома

1972 - Загреб, Специјална награда на XVI Меѓународен загрепски салон
-Нови Сад, Втора награда на *Златно око*
-Скопје, Прва награда и диплома
-Штип, Прва награда за колекција

1973 - Добој, Пофалба
-Белград, Втора награда за колекција

1990 - Белград, Плакета на *22 Мајска изложба 90*









2



8







4







28




ILFORD








ILFORD FP4



42







## КАТАЛОГ

1. Ристо Калчевски, сликар 1981, 24x24 см.
2. Бранко Конески, скулптор 1982, 24x30,5 см.
3. Рубенс Корубин, сликар, 1982, 40,6x40,6 см.
4. Родољуб Анастасов, сликар, 1983, 40,6x40,6 см.
5. Слободан Филовски, сликар, 1983, 24x30,5 см.
6. Петар Мазев, сликар, 1983, 25x25 см.
7. Лилјана Дирјан, поетеса, 1984, 30,5x24 см.
8. Стефан Маневски, скулптор, 1984, 24x30,5 см.
9. Виктор Аќимовиќ, ... и фотограф, 1984, 40,6x40,6 см.
10. Јордан Грабул, скулптор, 1984, 30,5x24 см.
11. Соња Абаџиева, ликовен критичар, 1984, 40,6x40,6 см.
12. Митко Манев, сликар, 1985, 30,5x40,6 см.
13. Бранко Варошлија, драматург, 1985, 30,5x24 см.
14. Димитар Малиданов, графичар, 1985, 40,6x40,6 см.
15. Д-р. Нумо Попотрандовски, интернист, 1986, 30,5x30,5 см.
16. Драгољуб Тошиќ, фотограф, 1986, 30,5x40,6 см.
17. Димче Николов, графичар, 1987, 24x30,5 см.
18. Танас Луловски, сликар, 1987, 30,5x40,6 см.
19. Глигор Чемерски, сликар, 1987, 30,5x30,5 см.
20. Јеша Денегри, ликовен критичар, 1987, 38x25 см.
21. Анета Светиева, скулптор, 1987, 24x30,5 см.
22. Ташко Георгиевски, писател, 1988, 30,5x40,6 см.
23. Петар Хаџи Бошков, скулптор, 1988, 40,6x40,6 см.
24. Ристо Бунтески, правник, 1989, 30,5x30,5 см.
25. Јован Котевски, поет, 1989, 30,5x30,5 см.
26. Богдан Богдановиќ, архитект, 1989, 30,5x40,6 см.
27. Томислав Петернек, фотограф, 1989, 50,8x40,6 см.
28. Александар Тијаниќ, новинар, 1989, 40,6x40,6 см.
29. Кирил Рибарски, музичар, 1989,40,6x40,6 см.
30. Љубомир Цуцуловски, филозоф, 1989, 24x24 см.
31. Дејвид Б. Акселрод, поет, 1989, 30,5x30,5 см.
32. Рон Зак, фотограф, 1989, 30,5x40,6 см.
33. Љупчо Георгиевски, 1990, 40,2x40,6 см.
34. Миле Неделкоски, книжевник, 1990, 37x40,6 см.
35. Сашо Орданоски, новинар, 1990, 40,6x40,6 см.
36. Никола Младенов, новинар, 1990, 25x25 см.
37. Петре Прличко, глумец, 1990,40,6x40,6 см.
38. Раде Силјан, поет, 1990, 25x25 см.
39. Владимир Шопов, поет, 1990, 40,6x40,6 см.
40. Дејан Водовник, новинар, 1990, 40,6x40,6 см.
41. Зоран Филиповиќ, фотограф, 1990, 40,6x40,6 см.
42. Панде Лазаревски, политиколог, 1990, 40,6x40,6 см.
43. Владимир Светиев, глумец, 1990, 30,5x30,5 см.
44. Благоја Дрнков, фотограф, 1990, 30,5x30,5 см.
45. Поетот Х. Х. Падрон со сопругата, 1990, 40,6x40,6 см.
46. Ѓорѓи Марјановиќ, професор, 1990, 40,6x40,6 см.

## CATALOGUE

1. Risto Kalcevski, painter, 1981, 24x24 cm.
2. Branko Koneski, sculptor, 1982, 24x30,5 cm.
3. Rubens Korubin, painter, 1982, 40,6x40,6 cm.
4. Rodoljub Anastasov, painter, 1983, 40,6x40,6 cm.
5. Slobodan Filovski, painter, 1983, 24x30,5 cm.
6. Petar Mazev, painter, 1983, 25x25 cm.
7. Liljana Dirjan, poet, 1984, 30,5x24 cm.
8. Stefan Manevski, sculptor, 1984, 24x30,5 cm.
9. Viktor Acimovic, ... and photographer, 1984, 40,6x40,6 cm.
10. Jordan Grabul, sculptor, 1984, 30,5x24 cm.
11. Sonja Abadjieva, art critic, 1984, 40,6x40,6 cm.
12. Mitko Manev, painter, 1985, 30,5x40,6 cm.
13. Branko Varoslija, dialogue director, 1985, 30,5x24 cm.
14. Dimitar Malidanov, graphic artist, 1985, 40,6x40,6 cm.
15. Numo Popotrandovski, Ph. D., physician, 1986, 30,5x30,5 cm.
16. Dragoljub Tosic, photographer, 1986, 30,5x40,6 cm.
17. Dimce Nikolov, graphic artist, 1987, 24x30,5 cm.
18. Tanas Lulovski, painter, 1987, 30,5x40,6 cm.
19. Gligor Cemerski, painter, 1987, 30,5x30,5 cm.
20. Jesa Denegri, art critic, 1987, 38x25 cm.
21. Aneta Svetieva, sculptor, 1987, 24x30,5 cm.
22. Tasko Georgievski, writer, 1988, 30,5x4o,6 cm.
23. Petar Hadji Boskov, sculptor, 1988, 40,6x40,6 cm.
24. Risto Buntevski, lawyer, 1989, 30,5x30,5 cm.
25. Jovan Kotevski, poet, 1989, 30,5x30,5 cm.
26. Bogdan Bogdanovic, architect, 1989, 30,5x40,6 cm.
27. Tomislav Peternek, photographer, 1989, 50,8x40,6 cm.
28. Aleksandar Tijanic, journalist, 1989, 40,6x40,6 cm.
29. Kiril Ribarski, musician, 1989, 40,6x40,6 cm.
30. Ljubomir Cuculovski, philosopher, 1989, 24x24 cm.
31. Dejvid B. Askelrod, poet, 1989, 30,5x30,5 cm.
32. Ron Zak, photographer, 1989, 30,5x40,6 cm.
33. Ljupco Georgievski, 1990, 40,2x40,6 cm.
34. Mile Nedelkovski, writer, 1990, 37x40,6 cm.
35. Saso Ordanoski, journalist, 1990, 40,6x40,6 cm.
36. Nikola Mladenov, journalist,1990, 25x25 cm.
37. Petre Prlicko, artist, 1990, 40,6x40,6 cm.
38. Rade Siljan, poet, 1990, 25x25 cm.
39. Vladimir Sopov, poet, 1990, 40,6x40,6 cm.
40. Dejan Vodovnik, journalist, 1990, 40,6x40,6 cm.
41. Zoran Filipovic, photographer, 1990, 40,6x40,6 cm.
42. Pande Lazarevski, politicologist, 1990, 40,6x40,6 cm.
43. Vladimir Svetiev, artist, 1990, 30,5x30,5 cm.
44. Blagoja Drnkov, photographer, 1990, 30,5x30,5 cm.
45. Poet J. J. Padron with his wife, 1990, 40,6x40,6 cm.
46. Djordji Marjanovic, professor, 1990, 40,6x40,6 cm.

БИБЛИОГРАФИЈА:


АНОНИМ
Хетерогеност
Вечер, Скопје, 4.XI.1978

АНОНИМ
Изложба
Вечер, Скопје, 13.XI.1978

С.(офија) Ѓ(уровска)
Изложба на фотографии на Димески
Нова Македонија, Скопје, 14.XII.1978

АНОНИМ
Заробен мит
Вечер, Скопје, 16.XII.1978

АНОНИМ
Изложба на фотографии
Студентски збор, Скопје, 19.XII.1978

Л.(илјана) Д.(ирјан)
Кога улицата е влажна а девојчето само
Студентски збор, Скопје, 31.XII.1978

АНОНИМ
Нов циклус
Вечер, Скопје, 2.II.1979

МУСОВИЌ, Богдан
Оптички и симболични решенија
Млад борец, Скопје, 13.II.1979

Т.(ашко) Ш.(ирилов)
Ликовни творби на тема: НОВ и револуцијата
Вечер, Скопје, 28.IV.1981

АНОНИМ
Отворени уште две изложби
Нова Македонија, Скопје, 29.IV.1981

ГИЛЕВСКИ, Паскал
Нови простори
Вечер, Скопје, 19.V.1981

ГИЛЕВСКИ, Паскал
Уметничка фотографија
Вечер, Скопје, 20.V.1981

Д.М.
Изложба на фотографии и колор дијапозитиви
Вечер, Скопје, 22.XII.1981

В.Г.
Прва аукција на уметнички дела
Вечер, Скопје, 2.III.1981

Б. Илиоски
Признато реноме кај нас и во светот
Народен глас, Прилеп, 20.XII.1985

НОВАКОВИЌ, Д-р. Бранислав
Сликари из Музеја савремене уметности у Скопљу
Борба, Београд, 18.XI.1986

Ф.Р.
Бернар Бифе из Скопља
Политика, Београд, 18.XI.1986

В.С.
Фотографии на шестмина автори
Вечер, Скопје, 22.IX.1988

Д. Ќуркчев
Свечено отворени јубилејните "Манакиеви средби"
Нова Македонија, Скопје, 22.IX.1988

В.С.
Изложба на фотографии
Вечер, Скопје, 22.XI.1988

Ѓ.(уровска) С.(офија)
Плакета за македонскиот дизајн и применета уметност
Нова Македонија, Скопје, 25.V.1990

АНОНИМ
Плакета за македонскиот дизајн
Вечер, Скопје, 28.V.1990

АНОНИМ
Македонска изложба 90
Нова Македонија, Скопје, 18.VI.1990

АНОНИМ
Мајска изложба 90
Вечер, Скопје, 18.VI.1990

Ѓ.(уровска) С.(офија)
Применети уметници од Србија
Нова Македонија, Скопје, 20.VI.1990

УМЕТНИЧКА
ГАЛЕРИЈА
СКОПЈЕ

Partner
„МАКЕДОНИЈА ТАБАК" СКОПЈЕ

витаминка
ПРЕХРАНБЕНА ИНДУСТРИЈА – ПРИЛЕП

ПРЕТПРЕЈАТИЕ ВО ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ НА ТЕЛА ЗА РАСВЕТЛУВАЊЕ
„Пролетер"
ПРИЛЕП